Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**август, 2019 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме....2

1. Реален сектор

Индустриско производство....3

Број на работници во индустријата....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите....6

Инфлација....6

Берзански цени.... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз....9

Увоз....10

Салдо на трговска размена.... 11

Валутна структура....12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација....12

Приходи по буџетски корисници....14

Буџетски расходи според економската класификација....15

Расходи по буџетски корисници....16

Буџетско салдо.. ....18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ....18

Плати....19

Пензии....20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари....21

Депозитен потенцијал....21

Кредити на банките....22

Каматни стапки на депозитни банки.... 23

Пазар на капитал.... 23

Девизни резерви....24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2019 година

- Индустриското производство во август 2019 година забележа раст од 9,8% во споредба со истиот месец претходната година
- Потрошувачките цени во август 2019 година се зголемија за 0,8% во однос на август 2018 година, по растот од исто така 0,8% во јули 2019 година;
- Во периодот јануари - август 2019 година извозот забележа раст од 14,1%, а увозот од 11,9%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 5,3%, споредено со истиот период од 2018 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2019 година изнесуваа 130.323 милиони денари, односно 18,6% од БДП, што претставува поголемо остварување за 7,1% во однос на 2018 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - август 2019 година изнесуваа 139.351 милион денари, односно 19,9% од БДП, што е за 8,5% повеќе во однос на 2018 година;
- Вкупните кредити на банките во август 2019 година се зголемија за 6,4% во споредба со август 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,0%.

# *1. РЕАЛЕН СЕКТОР*

## Индустриско производство

Индустриското производство во август 2019 година забележа раст од 9,8% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 47,9% (придонес од 5,8 п.п.), како и во секторот Преработувачка индустрија од 4,5% (придонес од 3,5 п.п.). Производството во секторот Рударство и вадење камен забележа пад од 1,4% (придонес од -0,2 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во август 2019 година е забележан кај 16 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 70,2% во структурата на вкупното производство, што укажува на тоа дека раст главно бележат гранките со повисоко учество. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, раст во август 2019 година е забележан кај производството на моторни возила од 39,5% и придонес од 3,9 п.п., на фабрикувани метални производи од 63,3% и придонес од 2,4 п.п., на електрична опрема од 28,3% и придонес од 1,2 п.п., како и на машини и уреди од 4,7% и придонес од 0,4 п.п.. Од традиционалните гранки, раст бележат производството на тутунски производи од 133,1% со придонес од 1,9 п.п. и производството на облека од 1,7% со придонес од 0,1 п.п., додека пад е забележан кај производството на прехранбени производи од 10,0% со негативен придонес од 1,0 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Според намената на произведените единици, растот во август 2019 година е главно последица на зголеменото производство кај гранките Енергија од 39,8% (придонес од 5,7 п.п.) и Капитални производи од 14,0% (придонес од 3,1 п.п.).

Кумулативните податоци за периодот јануари – август 2019 година покажуваат дека е забележан раст на индустриското производство од 5,5%, што во најголема мера се должи на растот во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 26,8% (придонес од 3,3 п.п.), а во помал дел во секторите Преработувачка индустрија од 2,4% (придонес од 1,8 п.п.) и Рударство и вадење камен од 5,0% (придонес од 0,5 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 15 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 67,8% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 26,8% и придонес од 3,3 п.п., производството на машини и уреди од 14,3% и придонес од 1,4 п.п., како и кај производството на моторни возила од 11,3% и придонес од 1,1 п.п..

Кај наменските групи, растот во првите осум месеци од 2019 година е главно резултат на зголеменото производство во групата Енергија од 25,9% (придонес од 3,7 п.п.), а во помала мера и на групите Капитални производи од 6,3% (придонес од 1,4 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија од 2,6% (придонес од 0,8 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 7,2% (придонес од 0,2 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во август 2019 година е намален за 1,6%. Падот е предизвикан од намалувањето на бројот на работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 2,3%, Преработувачка индустрија од 1,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,4%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2019 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено кај капиталните производи од 6,9%, додека пад е забележан кај нетрајните и трајните производи за широка потрошувачка од по 4,7%, енергија од 1,7% и интермедијарни производи, освен енергија од 1,5%.

На кумулативна основа, во првите осум месеци од 2019 година е забележан пад на бројот на работници од 1,2%, кој се должи на падот во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 1,3%, Рударство и вадење камен од 0,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,2%.

Согласно податоците по наменски групи, раст во периодот јануари – август 2019 година е забележан единствено во групата Капитални производи од 8,0%, додека пад бележат групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,5%, Енергија од 1,0% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во август 2019 година е поповолна споредено со јули 2019 година, како и во однос на истиот месец од 2018 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во август изнесува 69,8%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 69,5%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 1,8 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во август имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 23,1%, недоволната странска побарувачка со 18,8%, недоволната домашна побарувачка со 15,3%, неизвесното економско опкружување со 12,6%, недостигот на суровини со 7,5%, конкурентниот увоз со 5,8% и финансиските проблеми со 5,7%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во август 2019 година во однос на јули 2019 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни споредено со претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во август 2019 година издадени се вкупно 210 одобренија за градење и во однос на август 2018 година бројот на издадени одобренија за градење се зголеми за 9,4%. Споредено со претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење бележи пад од 26,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во август 2019 година на годишна основа е зголемена за 53,7%. Вредноста на објектите во однос на јули 2019 година бележи двојно намалување.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 136 (или 64,8%) се наменети за објекти од високоградба, 18 (или 8,6%) за објекти од нискоградба и 56 (или 26,7%) за објекти за реконструкција.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 210 издадени одобренија за градба, на 145 објекти (или 69,0%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 65 објекти (или 31,0%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во август 2019 година предвидена е изградба на 278 станови, со вкупна корисна површина од 24.728м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба споредено со претходниот месец е намален за 76,5%, а на годишна основа бележи пад од 2,5% .

## Инфлација

Потрошувачките цени во август 2019 година се зголемија за 0,8% во однос на август 2018 година, по растот од исто така 0,8% во јули 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – август 2019 година изнесува 1,1%.

Во август 2019 година цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 1,8% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во август 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,7% следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 3,0%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Рекреација и култура од по 1,7%, Ресторани и хотели од 0,6% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во август 2019 година е регистриран во категориите Облека и обувки од 2,1%, Комуникации од 1,9%, Транспорт од 1,7%, Образование од 0,5%, и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%.

Потрошувачките цени во август 2019 година се зголемија за 0,3% во однос на претходниот месец. Притоа, најголемо зголемување на цените на месечно ниво е регистрирано во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци од 0,8% следено со зголемувањето на цените во следните категории: Останати стоки и услуги од 0,7%, Ресторани и хотели од 0,6%, Рекреација и култура и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од по 0,3%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Облека и обувки од 1,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива и Здравје од по 0,1%. Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Транспорт, Комуникации и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во август 2019 година во однос на истиот месец претходната година останаа непроменети, а на месечна основа се зголемија за 0,2%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во август 2019 година споредено со претходниот месец бележи пад од 7,4% и изнесува 59,3 долари за барел. Во однос на август 2018 година, цената на нафтата е пониска за 19,0%. Цената на природниот гас во август 2019 година на месечна основа се намали за 2,6%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во август 2019 година се тргуваше со просечна цена од 15.749 долари за еден метрички тон ($/мт) и споредено со јули 2019 година бележи зголемување на цената од 16,3%. На годишна основа, цената на никелот порасна за 17,4%. Покрај никелот, цената на оловото исто така бележи месечен раст и тоа од 3,5%. Останатите основни метали во август 2019 година во однос на претходниот месец бележат пад на цените. Така, цената на калајот се намали за 7,6%, на цинкот за 7,1%, на бакарот за 3,9% и на алуминиумот за 3,1%. Цената на железната руда во август на месечна основа се намали за 22,6%.

Благородните метали во август споредено со јули 2019 година бележат раст на цените. Така, цената на среброто се зголеми за 9,1%, на златото за 6,2% и на платината за 1,8%.

Цената на пченката на светските берзи во август 2019 година во однос на претходниот месец се намали за 13,6%, а на пченицата за 7,7%.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите осум месеци од 2019 година изнесува 9.720,5 милиони евра, што претставува раст од 12,9% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - август 2019 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 28), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,2 п.п. споредено со истиот период од претходната година, и изнесува 71,3%.

## Извоз

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - август 2019 година изнесува 4.222,4 милиони евра и бележи раст од 14,1% (521,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 15,2%.

Вредноста на извезените стоки во август 2019 година изнесува 500,7 милиони евра и бележи раст од 10,7% (48,4 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 2,6%.

Анализирано на месечно ниво, во август 2019 година извозот бележи пад од 11,3% (63,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 3,2%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - август 2019 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,3% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - август 2019 година споредено со истиот период од 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите ЕФТА и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 12,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 20,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 81,7% и 11,3% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - август 2019 година изнесува 5.498,0 милиони евра и бележи раст од 11,9% (585,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 11,4%.

Вредноста на увозот во август 2019 година изнесува 664,4 милиони евра, што претставува раст од 11,1% (66,4 милиони евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а увезените количини стоки се зголемени за 0,2%.

Анализирано на месечно ниво, во август 2019 година увозот бележи пад од 11,2% (83,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 4,4%.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2018 | I - VIII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 17,1 | 33,4 | 16,2 | 94,5 |
| Мил. ЕУР | 765,7 | 899,2 | 133,5 | 17,4 |
| Мил.$ | 915,3 | 1.012,3 | 97,1 | 10,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2018 | I - VIII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 20,6 | 26,5 | 5,9 | 28,8 |
| Мил. ЕУР | 139,5 | 144,4 | 4,8 | 3,5 |
| Мил.$ | 167,2 | 162,6 | -4,6 | -2,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2018 | I - VIII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 499,6 | 510,5 | 10,9 | 2,2 |
| Мил. ЕУР | 345,2 | 383,6 | 38,4 | 11,1 |
| Мил.$ | 412,0 | 431,7 | 19,7 | 4,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2018 | I - VIII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 551,3 | 556,4 | 5,1 | 0,9 |
| Мил. ЕУР | 304,1 | 288,1 | -16,0 | -5,3 |
| Мил.$ | 365,1 | 324,5 | -40,6 | -11,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2018 | I - VIII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 44,1 | 50,8 | 6,7 | 15,2 |
| Мил. ЕУР | 529,4 | 629,8 | 100,4 | 19,0 |
| Мил.$ | 634,5 | 709,2 | 74,7 | 11,8 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2018 | I - VIII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 39,6 | 45,0 | 5,4 | 13,8 |
| Мил. ЕУР | 458,4 | 493,9 | 35,5 | 7,8 |
| Мил.$ | 549,4 | 556,3 | 6,8 | 1,2 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - август 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 5,3% односно 64,0 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во август 2019 година трговскиот дефицит се зголеми за 12,3% односно 17,9 милиони евра споредено со август 2018 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, горива и мазива и стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - август 2019 година, 90,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат:

Србија, Турција, Италија, САД, Јужна Африка, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 85,8% од трговската размена во периодот јануари - август 2019 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2018 година претставува намалување за 1,9 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,7% и 80,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 3,1 п.п. во однос на периодот јануари - август 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VIII - 2018 | | | | | I - VIII - 2019 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.915,3 | 4.106.026.595 | 61,5198 | 252.601.934.907 | 83,6 | 3.078,9 | 4.426.991.470 | 61,5071 | 272.291.407.026 | 80,5 | 320.964.875 | 7,8 |
| УСД | 1.122,6 | 909.458.181 | 51,3768 | 46.725.051.054 | 15,5 | 1.423,2 | 1.147.599.110 | 54,6110 | 62.671.534.994 | 18,5 | 238.140.929 | 26,2 |
| ГБП | 4,3 | 19.591.668 | 69,6777 | 1.365.102.365 | 0,5 | 2,6 | 16.255.699 | 69,7635 | 1.134.054.435 | 0,3 | -3.335.969 | -17,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.042,2 | | | 300.692.088.325 | 99,0 | 4.504,8 | | | 336.096.996.455 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 4.053,4 | | | 302.211.302.386 | 100,0 | 4.516,6 | | | 338.166.561.229 | 100,0 | | 11,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2019 година изнесуваа 130.323 милиони денари, односно 18,6% од БДП, што претставува поголемо остварување за 7,1% во однос на 2018 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 74.658 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 33.327 милиони денари, што претставува зголемување од 4,3% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 44,6%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 50.370 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен

поврат во износ од 17.042 милиона денари (бруто наплатата е повисока за 3,8%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 2,7% споредено со истиот период од 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 4,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 3,0%.

Акцизите се остварени во износ од 16.993 милиони денари (учество од 22,8% во даночните приходи), што претставува зголемување од 2,7% во споредба со 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 50.320 милиони денари, што претставува 67,4% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 11.729 милиони денари и забележуваат раст од 15,0% на годишна основа, при што 64,0% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на личен доход и други лични примања, 7,8% од приходи од капитал, 6,7% од приходи по основ на договор на дело, 8,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 5,3% од приходи од имот и имотни права.

Приходите од данокот на добивка во овие осум месеци изнесуваа 8.329 милиони денари и забележаа помало остварување за 20,7% во однос на истиот период претходната година, но затоа пак има пораст на данокот наплатен по основ на дивиденди и други распределби за 90,7%, додека намалување се забележува кај месечни аконтации од 7,7%, кај доплати по даночни биланси од 33,4% и кај задржаниот данок за странски правни лица од 65,2%.

Приходите од царина се остварени во износ од 3.895 милиони денари и забележаа зголемување од 6,4%. Приходите од други даноци со остварен износ од 385 милиони денари забележаа зголемено остварување за 16,0% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 40.003 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 9,4% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 9,8%, кај придонесите за вработување за 7,7% и кај придонесите за здравствено осигурување за 8,8%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 11.533 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2018 година забележаа поголемо остварување за 48% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 668 милиони денари, што е намалување од 37,7% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.427 милиони денари и се зголемени за 35,5% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1], раздел кој во периодот јануари - август 2019 година оствари приходи од 89.709 милиони денари, односно 91,4% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 56,2% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на разделот Министерство за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 82,2% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во анализираниот период изнесува 62,1% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 10.273 милиони денари, што претставува 11,4% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 2.098 милиони денари, односно 2,1% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (67,4%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за транспорт и врски оствари приходи во износ од 1.739 милиони денари, што претставува 1,8% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници, а речиси сите приливи се по основ на задолжување во странство. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,7% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - август 2019 година оствари приходи во износ од 49.452 милиона денари, што претставува 68,2% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - август 2019 година изнесуваа 139.351 милион денари, односно 19,9% од БДП, што е за 8,5% повеќе во однос на 2018 година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 132.038 милиони денари учествуваа со 18,9% и се зголемени за 7,5% во однос на 2018 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 18.264 милиони денари што претставува зголемување за 4,6% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,1%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 10.179 милиони денари и споредено со 2018 година забележаа зголемување од 12,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 97.297 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 7,4% споредено со јануари - август 2018 година и истите учествуваа со 69,8% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 71.505 милиони денари, забележаа раст од 7,7% и учествуваа со 51,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 43.548 милиони денари, што е зголемување за 8,0% споредено со 2018 година и учествуваат со 31,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,8%, односно забележаа поголема реализација за 6,6%, а се реализирани во износ од 24.854 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 11.028 милиони денари забележаа зголемување од 5,8%, во

споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 12.298 милиони денари што е зголемување од 7,7% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 6.298 милиони денари, што е за 9,7% повеќе во споредба со 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 8,4%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 17,8%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 7.313 милиони денари со структурно учество од 5,2% во вкупните расходи, односно забележаа повисока реализација за 30,5% во споредба со 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 80,7% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - август 2019 година реализираше 29.102 милиона денари или 65,2% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (71,3%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 20.754 милиони денари или 68,6% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 20,6% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 58,4% (5.984 милиони денари) од планираните за 2019 година.

Во првите осум месеци од 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 19.694 милиони денари, што претставува 58,9% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 48,5% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 9.558 милиони денари, односно 58,5% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По основ на каматни

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

плаќања отпаѓаат 32,0% од вкупните расходи, за што се реализирани 6.298 милиони денари или 69,9% од планираното.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - август 2019 година изврши буџетски средства во износ од 14.872 милиона денари, што е 56,9% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (63,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 9.423 милиони денари или 65,5% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,3%, за што се потрошени 2.279 милиони денари, односно 61,9% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 11,7% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.738 милиони денари, односно 41,7% од вкупно предвидените.

Во првите осум месеци од 2019 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 7.440 милиони денари, што претставува 67,5% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 70,4%, за што се потрошени 5.237 милиони денари или 68,1% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 19,3%, за што се реализирани 1.432 милиона денари или 72,7% од годишниот план.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.266 милиони денари, што претставува 72,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 94,3% во вкупните расходи, реализирани се 86,4% од планираните средства.

Министерството за одбрана во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 4.436 милиони денари, што е 53,4% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 57,7%, за што се реализирани 2.558 милиони денари, што претставува 64,5% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 21,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 971 милион денари, односно 49,1% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - август 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 3.559 милиони денари, што е 54,9% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 52,1%, за што се потрошени 1.856 милиони денари или 64,7% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 38,7% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.376 милиони денари, односно 59,9% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 2.807 милиони денари, што е 38,6% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 32,7% од предвиденото (2.003 милиони денари), а учествуваат со 71,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 24,5% и за оваа намена извршени се средства во износ од 689 милиони денари, односно 77,2% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693).*

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - август 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 9.028 милиони денари, што претставува 1,3% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 9.661 милион денари и претставува 1,4% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

Во периодот јануари – август 2019 година, во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 128.786 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е понизок за 3,3% во однос на истиот период од 2018 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 42,6% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во август 2019 година 15,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во август 2019 година изнесува 188.829, од кои 101.187 се активни баратели на работа, а 87.642 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 2,8%.

Најголем дел од активните невработени лица (63,7%) се градско население, а според половата структура 51,8% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 64,3% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 24,3% се со завршено средно образование, додека 11,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,9% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 46,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јули 2019 година оствари годишен раст од 4,3%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,4%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (10,6%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (9,8%) и Транспорт и складирање (7,4%). Реалните плати во јули забележаа годишен раст од 3,5%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во јули 2019 година оствари годишен раст од 5,5%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

социјална заштита (12,4%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (9,9%), и Транспорт и складирање (9,4%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,7%.

## Пензии

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Во август 2019 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 318.820 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 517 лица. Од вкупниот број пензионери, 65,4% се корисници на старосна пензија, 23,7% се корисници на семејна пензија и 10,9% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во август 2019 година изнесува 14.532 денара и е за 2,9% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,9%.

Просечната старосна пензија во август изнесува 15.814 денари, просечната инвалидска пензија 13.152 денара, а просечната семејна пензија 11.632 денара. За исплата на пензиите во август 2019 година се потрошени 4.560 милиони денари, што претставува 51,7% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во август 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п. како резултат на задржаниот континуитет на поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во август 2019 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 2,9% како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек за 11,9%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа пад од 7,1%.

На месечно ниво, примарните пари се намалија за 13,0%, во услови на пад на вкупните ликвидни средства на банките за 25,8%, додека готовите пари во оптек останаа непроменети.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(август 2019 година)




Извор: НБРСМ.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во август 2019 година регистрираа раст од 1,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата се зголемија за 4,6% и 0,4%, соодветно.

Од аспект на валутата, во август 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,4%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 1,5%.

Вкупниот депозитен потенцијал во август 2019 година оствари раст од 10,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 12,6% и 6,2%, соодветно.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

домаќинствата бележат раст од 9,8% и 9,1%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,8%, а долгорочните депозити за 9,0%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,4%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (август 2019 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **395.327** | **1,4%** | **10,0%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *238.886* | *1,4%* | *12,6%* |
| *Странска валута* | *156.440* | *1,5%* | *6,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *169.242* | *0,6%* | *4,8%* |
| *Долгорочни* | *108.856* | *1,4%* | *9,0%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **327.480** | **-0,2%** | **6,4%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *192.482* | *-0,5%* | *7,5%* |
| *Странска валута* | *134.998* | *0,2%* | *4,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *57.714* | *-3,6%* | *2,8%* |
| *Долгорочни* | *251.250* | *0,4%* | *7,8%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *15.852* | *2,9%* | *1,4%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во август 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,2% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,9%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,6%. Од аспект на валутата, во август 2019 година, на месечно ниво денарските кредити се намалија за 0,5%, а девизните кредити регистрираа раст од 0,2%.

На годишна основа, во август 2019 година вкупните кредити се зголемија за 6,4%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,4% и на кредитите кон


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

претпријатијата од 3,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 7,5%, а кредитите во странска валута за 4,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,8%, а краткорочните кредити од 2,8%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во август 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,13%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 5,58%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п на месечно ниво и изнесува 4,59%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во август 2019 година изнесува 1,38% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити на месечно ниво е непроменета и изнесува 1,89%, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 0,79%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во август 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 57,9% на месечно ниво како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакциите за 92,5% и падот на прометот од класичното тргување за 4,9%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во август 2019 изнесуваше 336,2 милиона денари и истиот е намален за 28,3% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на август 2019 година изнесуваше 4.009,16 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 3,2%, а во однос на истиот месец претходната година за 18,5%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на август 2019 година изнесуваа 3.031,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 3,6%, а во однос на август 2018 година за 12,3%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0